Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-5303/6
Дата: 17.11.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**До :** Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

**Предмет:** Достава на извештај од комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС за Проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово

Почитуван,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово, на инвеститорот "ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР" ДООЕЛ со седиште на ул. "Божидар Аџија" бр. 1/1-50 во Скопје, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово.

Со почит,

Изготвил: Хусни Тачи
Проверил: Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-5303/6
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

**Предмет:** Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово

Почитуван г-дин министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово", на ден 16.11.2011 година изготви

## И З В Е Ш Т А Ј

за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово"

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, на проектот: "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во

општина Босилово", врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина изработена од Друштвото за проектирање и инженеринг во рударството, геологијата и животната средина "РУДПЛАН" ДООЕЛ од Струмица, со одговорно лице за изготвување на студијата М-р Драги Пелтечки – експерт за оцена на влијанието врз животната средина, за потребите на инвеститорот "ФЕЛПС ДОЦ ВАРДАР" ДООЕЛ со седиште на ул. "Божидар Аџија" бр. 1/1-50 во Скопје, оцени дека со предлог проектот инвеститорот предвидува експлоатација, подготовка и концентрација на руда на бакар со содржина на злато, сребро и молибден од наоѓалиштето "Иловица" во близина на селата Штука и Иловица, во општината Босилово. Проектот претставува нова инвестиција со капацитет за експлоатација на бакарни руди и производство на бакарен концентрат, односно т.н. "greenfield" инвестиција. Производствен процес на овој проект се состои од повеќе фази и тоа:

Прва фаза: Дупчење и минирање на карпестата маса;
Втора фаза: Товарање и транспорт на изминираниот материјал;
Трета фаза: Дробење и мелење на рудата;
Четврта фаза: Флотација; и
Петта фаза: Депонирање на рудничкиот отпад.

Како алтернативи не се разгледувани други локации, затоа што фирмата "ФЕЛПС ДОЦ ВАРДАР" ДООЕЛ – Скопје, предметната локација "Иловица" со веќе однапред определени координати ја има добиено со најповолна понуда на јавен тендер отворен од страна на Министерството за економија и има потпишано договор за концесија за детални геолошки истражувања со број 12-3008/5 од датум 26.05.2006 со Владата на Република Македонија. Единствено во Студијата за ОВЖС ја имаат разгледувано Нулта алтернативата, односно што доколку проектот не се спроведува. Во 2004 година, компанијата „Фелпс Доџ Вардар" ДООЕЛ од Скопје, започнува со детални геолошки истражувања на концесискиот простор "Иловица" со површина од околу 15 км2 кој е предмет на оваа Студија за ОВЖС и оценува

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

дека на истиот се наоѓа потенцијал за порфирско наоѓалиште на бакар и злато. Во зоната на концесискиот простор не се евидентирани заштитени подрачја ниту пак чувствителни области.

Во глава 7 во Студијата за ОВЖС дадена е процена на влијанието врз животната средина во фаза на изградба, во оперативна фаза на работа како и по затварањето односно рекултивацијата на површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" и тоа врз: амбиенталниот воздух, влијание на површинските и подземните води, влијание врз почвите, влијание врз пејсажот, влијанија врз природни реткости и заштитени територии, влијанија врз биолошката разновидност (флората, фауната и екосистемите), влијанија врз геолошката основа, влијанија врз културно, историско и археолошко наследство, управување со отпадот, влијанија врз нивото на бучава, вибрации и јонизирачко зрачење и социо-економски аспекти.

Во Студијата за ОВЖС во глава 8 направена е процена на еколошките ризици и можните влијанија врз животната средина во случај на хаварии. Предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животната средина дадени во глава 9, додека систем за мониторниг и контрола на животната средина е дадено во глава 10 во Студијата за ОВЖС.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово", му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово", во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Со почит,

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Комисија:**

1. м-р Зоран Бошев ________________
2. Влатко Цветаноски ________________
3. Хусни Тачи ________________
4. Илбер Мирта ________________
5. м-р Валериј Пенев ________________
6. Фатос Балиу ________________
7. Јадранка Иванова ________________
8. м-р Сашко Јорданов ________________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Површински коп на минерална суровина бакар и злато на локалитетот "Иловица" во општина Босилово".